# Предлагање нови одлуки

Согласно член 390 од ЗТД, акционерите кои поединечно или заедно поседуваaaт **најмалку 5% од вкупниот број акции со право на глас** имаат право по писмен пат да предложат за усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред на седницата на Собранието. Предлогот се доставува во писмена форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционер физичко лице, односно назив, седиште, печат, целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на акционер правно лице.
Заедно со барањето акционерот задолжително треба да приложи и соодветни документи за идентификација, и тоа:

1. За акционер физичко лице се приложува:

   **Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од три дена**

   **Копија од лична карта или пасош**

2. За акционер правно лице се приложува:

   **Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од три дена**

   **Последна тековна состојба од Централнниот ргистар во оригинал не постара од седум дена**

   **Копија од лична карта или пасош на законскиот застапник**

Предлогот заедно со документите за идентификација мора да биде испратен во П.И.„Витаминка“ АД Прилеп најдоцна во рок од 8 дена од денот на објава на јавниот повик за одржување на Седница на собранието на друштвото.

Адреса на која се доставува барањето:
П.И.„Витаминка“ а.д. Прилеп
ул.„Леце Котески“ бр.23
7500 Прилеп
Назнака: „Собрание на акционери“